12-998/1

[redacted]

**Република Македонија**
**Министерство за економија**

Министерство за економија

Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15), Министерството за економија, донесе

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

За планскиот документ **Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија за период до 2040 година**, што го донесува Владата на Република Македонија, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20100131300073

Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ **Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија за период до 2040 година** се определуваат: Министерство за економија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за финансии, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за енергетика, органи во состав на министерствата и Владата и граѓанскиот сектор.

За планскиот документ **Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија за период до 2040 година**, за чија изработка е одговорно Министерството за економија, а го донесува **Владата на Република Македонија**, донесувањето на стратешкиот плански документ **Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија за период до 2040 година** ќе има влијание врз животната средина.

Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **влијание врз квалитет на амбиентен воздух, аспекти на климатски промени, квалитет на води, биодиверзитет и предел, бучава и зрачење, управување со отпад, влијание врз здравјето на луѓето, влијание врз социо-економската состојба во државата.**

Одлуката заедно со формуларот за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на web страната на

[redacted]

Министерството за економија на следната адреса: www.economy.gov.mk.

Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на web страната на министерството за економија.

Бр. ____________
Скопје

МИНИСТЕР
Kreshnik Bekteshi

Изработил: Бојана Стојчевска
Контролирал: м-р Валентина Старделова
м-р Исмаил Дума
Согласен: Зоран Павловски

Министерство за економија
Бр. /
Скопје________година
Јуриј Гагарин, 15
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3093408
Факс: (02) 3084472
www.economy.gov.mk
e-mail: nfo@economy.gov.mk

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20100131300073